Врз основа член 94 од Статутот на Тетекс АД Тетово, Одборот на директори на својата седница одржана на ден 29.12.2021 год. донесе

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0202-2050/10
29. 12. 2021 год.
ТЕТОВО

# Политика за животна средина

Тетекс АД Тетово е посветен на јакнење на социјалната, етичката и корпоративната одговорност со промовирање и зачувување на здравата животна средина и одговорно управување со животната средина при извршување на своите деловни активности.

Континуирано зголемување на свеста за животната средина преку стекнување на знаење и вештини и усвојување на систем на вредности кои се услов за зачувување на животната средина, како од страна на сите вработените така и од менаџментот.

Иако, со престанокот на производството на текстил, и ориентацијата кон други дејности загадувањето на воздухот, штетните емисии на воздух, водата односно квалитетот на отпадните води, почвата, создавањето на отпад, бучавата како и потрошувачката на природни ресурси се енермно намалени и сведени далеку под барањата на меѓународните стандарди, Тетекс АД Тетово сепак се стреми за постојано подобрување на еколошките перформанси и тоа:

- Да се обезбеди свесноста за заштита на животната средина, во вршењето на секојдневните активности на Тетекс АД Тетово со управување со сите ресурси во хармонија со природата со зачувување на здрава животна средина и спречување на негативното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето
- Да се обезбеди усогласеност со важечките закони и прописи за животната средина.
- Да се подобри енергетската ефикасност во сите области од работењето.
- Да го го намалиме отпадот создаден во рамките на нашето работење.
- Да се насочиме кон намалување на употребата на материјали, и зголемување на повторната употреба и рециклирање на материјалите каде што тоа е применливо односно со максимална употреба на влезните материјали и рециклирање на отпадот
- Да преземеме активности за намалување на загадувањето и економично и ефикасно користење на ресурсите.
- Почитување на еколошките и етичките императиви при донесувањето инвестициски одлуки;
- Постојана едукација на вработените за добри практики во делот на животната средина и нивна мотивација за вклучување во активности за заштита на животната средина;

Целите на животната средина се утврдени со цел да се минимизира влијанието на работењето на Тетекс АД Тетово врз животната средина и тие се предмет на постојана ревизија и подобрување.

Нашите напори се насочени кон воспоставување соодветен систем за управување со животната средина, врз основа на принципите на постојано подобрување, кои помагаат да се намали ризикот за животната средина и кои вклучуваат:

- континуирани напори да се идентификуваат, проценат и да се намалат негативните ефекти на нашите активности, процеси и услуги врз животната средина.
- обезбедување на информации и обука на вработените за да се минимизираат штетните ефекти на нашите активности врз здравјето и врз животната средина.
- намалување на ризиците, минимизирање на негативни влијанија врз животната средина и редовно следење на напредокот и ефикасноста на применетите мерки.
- каде е можно следење, мерење, и превземање корективни активности.
- извршување на внатрешна и надворешна ревизија.
- почитување на природата, каде што се наоѓаат објектите на Тетекс АД Тетово
- поддршка кон истражување и развој на нови технологии за одржлив развој.
- промовирање на однесување кое е во согласност со принципите на заштита на животна средина
- воспоставување конструктивен дијалог со локална самоуправа, јавни и приватни трговски друштва акционери,клиентите, локалните заедници, како и други засегнати страни со цел заеднички да се разберат интересите и целите на секоја од страните и да работиме заедно во изнаоѓање решенија за проблемите на животната средина
- Транспарентно известување за резултатите од еколошките активности
- Споделување на стекнатото знаење со засегнатите страни во насока на подобрување на нивното однесување кон животната средина во врска со потрошувачката на енергија и управување со отпадот.

Тетекс АД Тетово се стреми кон постојано подобрување на работењето во насока на заштита на животна средина, и исполнување на целите на оваа Политика , која еднаш годишно ќе биде предмет на оцена на Одборот на директори.

Тетово, декември 2021

Одбор на директори
Претседател
Борислав Трповски

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС
АД
1
ТЕТОВО